# ЗАПИСНИК

## од Прва седница на Управен одбор на ЗЕЛС

Скопје, 29 ноември, 2017 г.

**ЗАПИСНИК**

од 1-ва седница на Управен одбор на ЗЕЛС

Скопје, 29 ноември, 2017 г.

<u>Присутни</u>: **Петре Шилегов**, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, **Висар Ганиу,** градоначалник на општина Чаир и потпретседател на ЗЕЛС, **Максим Димитриевски,** градоначалник на општина Куманово, **Теута Арифи,** градоначалник на општина Тетово, **Аљбон Џемаили**, градоначалник на општина Боговиње, **Фатмир Дехари**, градоначалник на општина Кичево, **Ивица Тошевски**, градоначалник на општина Ранковце, **Благој Бочварски**, градоначалник на општина Штип, **Стефан Богоев,** градоначалник на општина Карпош, **Наташа Петровска,** градоначалник на општина Битола, **Аце Коцевски**, градоначалник на општина Велес, **Јован Стојаноски**, градоначалник на општина Охрид, **Медат Куртовски**, градоначалник на општина Маврово-Ростуше, **Миликије Халими**, градоначалник на општина Арачиново, **Саша Богдановиќ**, градоначалник на општина Центар, **Сашо Поцков,** градоначалник на општина Гевгелија, **Томе Солевски**, претседател на Совет на општина Кочани, **Насир Муслиу,** претседател на Совет на општина Гостивар, и **Тони Бојковски**, претседател на совет на општина Гази Баба.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС го усвоија и расправаа по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседател и двајца потпретседатели на ЗЕЛС;
2. Разно;

ПРВА ТОЧКА: Согласно Статуот на ЗЕЛС од составот на избраните челнови на Управниот одбор се избраат претстедател и двајца потпреседатели на Управниот одбор , коиистовремено го сочинуваат Претстедталтвото, односно претстедател и птпретседталеи на ЗЕЛС. Членовите на Управниот одбор ги предложија следните канидати:

1. Петре Шилегов, Градоначалник на Град Скопје за претседател на ЗЕЛС
2. Висар Ганиу, градоначалник на општина Чаир за потпретстедател на ЗЕЛС
3. Митко Јанчев, градоначалник на општина Кавадарци за потпретстедател на ЗЕЛС

Во име на новоизбраното Претседателство, Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС, се заблагодари за довербата, и истакна дека ќе направи сé што е во негова моќ единиците на локалната смаоуправа да си го заземат своето место во државата. Се заложи за зголемување на капацитетите на локалната администрација која ќе може да одговори на потребите, за соработка меѓу градоначалниците и општините, за преземеање конкретни активности преку ЗЕЛС, со цел да бидат во функција на сите општини и граѓаните.

**Одлука:** Членовите на Управниот одбор едногласно го усвоија предлогот за новиот состав на Претстдателството на ЗЕЛС.

ВТОРА ТОЧКА: Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС покренаа повеќе прашања што ги засегаат општините со препораки да се изградат ставови и преку ЗЕЛС да се адресираат и преговараат со централната власт. Најголем дел од предизвиците се однесуваат на финансиската самоодржливост на единиците на локалната самоуправа, за што се констатира дека е неопходно зголемување на процентот за општините во зафаќањето на ДДВ-то и на персоналниот данок. Зголемување е потребно и кај блок дотациите, особено во образованието, за што извршниот директор информира дека преку анализа на податоците со кои располага ЗЕЛС, е констатирано дека истите треба да имаат зголемување од околу 30% за оптимално функционирање на пренесените надлежности.

Членовите на Управниот одбор отворија прашања и од областа на животната средина, односно загадувањето на воздухот и актуелниот систем на регионално управување со отпад, за старите долгови на општините, за начинот на финансирање на регионалниот развој, во смисла на негово поефикасно и подобро уредување, итн.

**Заклучок:** Претседателот на Управниот одбор, поради обемниот опфат на прашања за дискусија, ја закажа втората седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, која ќе се одржи на 01 декември, 2017г. (петок), со почеток во 16 часот во хотел Изгрев, Струга.

**Скопје, 29 ноември, 2017 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**